РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
AGJENCIA PËR RINI DHE SPORT
Бр.-Nr. 08-999/2
19-04-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 9 став (1) од Правилникот за постапката и критериуми за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот бр. 08-998/1 од 18.04.2022 година, а согласно Програмата за развој на спорт и млади за 2022 година („Службен весник на РСМ бр. 94/22"), Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ бр. 94/22"), како и Одлуката за објавување на Конкурс 1 за 2022 година број 08-999/1 од 19.04.2022 година, Директорот на Агенцијата за млади и спорт, распишува

# К О Н К У Р С
## за доделување средства за 2022 година

Се објавува Конкурс број 1 за доделување средства во 2022 година, од:

1. Програма за распределба на средства од игри на среќа и за забавните игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 94/22),

2. Програма за развој на спорт и млади за 2022 година (Службен весник на РСМ бр. 94/22).

### 1. Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

I –а

| Реден бр. | ставка | Опис |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на националните спортски федерации заради обезбедување нивна функционалност, работа на органите и телата на федерациите и функционирање на националниот спортски систем | Планирана е партиципација заради обезбедување на фунционалност на националните спортски федерации за: стручна работа на генералните секретари и административци; функција на органи и тела; функционирање на националниот систем на натпревари |
| 2. | Партиципација за финансирање на младински рангирани клубови учесници во спортски системи организирани од националните спортски федерации | Планирана е партиципација за поддршка на младински рангирани клубови учесници во спортски систем организиран од националните спортски федерации. |
| 3. | Партиципација за финансирање на стручната работа во младинските рангирани клубови, учесници во националниот спортски систем, организиран од националните спортски федерации | Планирана е партиципација за националните спортски федерации во финансирање на стручна работа со спортисти поединци и национални тимови во националните спортски федерации |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Партиципација за финансирање на програми на националните спортски федерации за борбата против допингот во спортот | Планирана е партиципација за спроведување допинг контроли и управување со резултатите од извршените допинг контроли |
| 5. | Партиципација за финансирање на програмски активности за Македонски спортски надежи, селекција, рана спортска специјализација и двојна кариера на млади спортисти | Планирана е партиципација за финансирање на програмски активности за спортски надежи, нивна селекција, како и рана спортска специјализација и двојна кариера на млади спортисти. |
| 6. | Партиципација за финансирање на проекти за поддршка на жената во спортот, родова еднаквост во сите сфери на функционирање на спортот | Планирана е партиципација за финансирање на проекти за поддршка на жената во спортот и родова еднаквост во сите сфери на функционирање на спортот. |
| 7. | Партиципација за финансирање на проекти за поддршка на спортот на лица со пречки во развојот и посебни потреби | Планирана е партиципација за финансирање на проекти за поддршка на спортот на лица со пречки во развојот и посебни потреби |
| 8. | Партиципација за поддршка на националните спортски федерации за набавка на опрема за екипи, репрезентации и поединци за учество на европски и регионални првенства | Планирана е партиципација за финансирање на набавка на опрема, за репрезентации и поединци за учество на европски и регионални првенства. |

I- б

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање програми за поддршка на талентирани млади спортисти и поддршка на програмските активности за рана спортска специјализација | Планирана е партиципација за поддршка и промоција на проекти на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот кои ќе промовираат и реализираат активности за откривање, рана спортска специјализација и грижа за млади талентирани спортисти во повеќе спортови. Во 2022, приоритет има развојот на училишниот спорт за реализацијата на спортски кампови организирани за талентирани млади спортисти од страна на националните спортски федерации |

## 2. Програма за развој на спорт и млади за 2022 година

| Реден Бр. | ставка | Опис |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации | Планирана е партиципација во реализацијата на програмите на националните спортски федерации за учество во меѓународниот систем на натпревари. Во 2022 година, наши спортисти, национални тимови и спортски клубови ќе настапат во рамки на регионални првенства, европски и светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид меѓународни натпревари |
| 2. | Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации | Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Во РСМ се одржуваат голем број традиционални спортски натпреварии и манифестации во повеќе спортови. Некои од нив се дел од Календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации, со што се валоризира и нивната вредност и значај |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Партиципација за подготовки на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Зимски Олимписки игри во Пекинг, Кина во 2022 и подготовки за Летните Олимписки Игри – Париз 2024 | Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за подготовки на евидентните кандидати за учество на Зимски Олимписки игри во Пекинг, Кина во 2022 и подготовки за Летните Олимписки Игри – Париз 2024 |
| 4. | Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија | Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија |

**Конкурсот ќе трае заклучно со 05.05.2022 година.**

Апликациите 1 и 2 за учество на „Конкурс број 1 во 2022 година“ се преземаат од интернет страната на Агенција за млади и спорт, www.ams.gov.mk во кои е даден опис на ставки по кои ќе се водите.

Апликациите 1 и 2 за учество на „Конкурс број 1 во 2022 година“ треба да се доставаат до Агенцијата за млади и спорт, во тврда и електронска верзија, **до 05.05.2022 година до 16:30 часот**, на адреса:

**Агенција за млади и спорт**
**ул: „Македонија“, бр.38**
**(Палата „Панко Брашнаров“)**
**1000 Скопје**
**со назнака : ЗА „КОНКУРС 2022“**

и електронска верзија на email :
**Марио Лазарески -** mariolazareski51@gmail.com
**Наташа Смилевска -** nsmilevska@hotmail.com

**ДИРЕКТОР**
НАУМЧЕ МОЈСОВСКИ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ - AGJENCIA PËR RINI DHE SPORT
Скопје - Shkup